ЃОРЃИ КРСТЕСКИ



# КОМПОЗИЦИЈА 0

Н.У. ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
Струга, јули 2010

## *Мамка за погледот*

„...патувањето стана главна цел.“, го завршува Крстески, во една прилика, својот кус есеј во којшто се обидува да го разгатне сопствениот творечки процес поставен, од негова страна, како движење од замисла преплетена со претчувство кон постварување на проектната намера. Во духот на најдлабокото значење на поимот *бриколер* [мајсторисување со прирачните материјали], тој во делото „Композиција 0“ упатува на две важни состојки: едната е дека материјалите за обликување (без разлика на нивното потекло) се секогаш околу творецот и дека, при тоа, извлекувањето на нивните ликовни карактеристики можат да бидат доволен предизвик за нивна употреба, и, другата, дека процесот на уметничко обликување и понатаму и пред сѐ изискува техничко мајсторство коешто ништо не препушта на случајноста, коешто се води од деталното промислување уште пред да се пристапи кон опредметувањето на идејата, за во изведбата да го достигне сопствениот врв. И тука (или во таквиот пристап кон творечкиот процес или творештвото во целост) Крстески ја остварува основната димензија на уметничкото дело: на восприемачот да му се овозможи структурирана визуелна сензација којашто понатаму води кон остварување на естетското доживување. Иако, движејќи се по ваквата линија на истражувањето на формата и можните материјали за нејзино обликување, тој не отстапува подалеку од постулатите на формалистичката естетика, сепак, преку ваквата разработка на формата во единството на делото тој успева да ја опредмети својата уметничка намера: кога„патувањето“ (како дел којшто му припаѓа исклучиво на авторот во чинот на создавањето на делото) станува „главна цел“, тогаш на восприемачот му останува да ги препознае (или доживее, почувствува) етапите или „попатните станици“ на ова патување (а нив ги има осум) и да се обиде, при тоа, да „патува“ заедно со авторот.

Но, Крстески овие етапи не ги именува поединечно, какошто би се очекувало, туку ги опфаќа со заеднички наслов „Композиција 0“. Оттука, која би била заедничката состојка на сите овие осум објекти поставени на осум вертикални стаклени кутии-постаменти? Што е тоа што го привлекува вниманието? И, конечно, кон што тоа води? Одговорот на овие прашање може да се подведе под заедничкиот именител содржан во синтагмата „истражување на погледот“. Имено, Крстески, во компонирањето или, поточно, во конструирањето на објектите, пред сѐ, се раководи од истражувачката намера: како да се придвижи погледот? Затоа тој во овие објекти поставува две можни позиции на продирање на погледот и тоа преку: надворешните (видливи) делови (кога



стаклото го овозможува погледот *низ*) и внатрешните (невидливи или тешко достапни) делови (кога со погледот се стигнува *до*) - еднаш погледот е овозможен, еднаш е попречен. Односно, се работи за соодветна принуда погледот на восприемачот да почне да се движи, при тоа поставувајќи го во една игра на истражување на местата низ и преку коишто погледот треба да ја обезбеди визуелната сензација упричинета од латентната боја на стаклото и боените и обликовни интервенции на авторот врз, низ, преку него. Преку погледот се бара, се пребарува објектот на Крстески и, при тоа, токму љубопитноста на погледот е онаа која придвижува околу него. Со тоа „истражувањето на погледот", преку „движењето на погледот" се претвора во „истражување со погледот".

Во оваа смисла, движењето околу секој еден објект (како еднинечен) и движењето од еден до друг објект (како целина) го поставува восприемачот во своевидно „истражувачко 'патување' со погледот" од едниот до другиот крај на постварувањето на проектната намера на Ѓорѓи Крстески: „...патувањето да стане главна цел...".

***Небојша Вилиќ***






*детаљ*







*деталь*





### *Bait for the Look*

"…the journey became main goal…", ends Krsteski, in one occasion, his short essay in which he tries to solve his own work process set, by him, as a movement of thought interwoven with a feeling towards achievement of the projectable intention. In the spirit of the deepest meaning of the term *bricolage* (crafting with available materials), in the work "Composition 0" he refers to two important ingredients: the first is that the materials for moulding (no matter of their origin) are always around the creator and that finding their art characteristics can be sufficient challenge for their usage, and the second one is that the process of art moulding still and foremost needs technical craftsmanship that leaves nothing to coincidence, which is led by detailed thinking even before approaching towards materialization of the idea, so it can reach its peak in the execution. In that (or in that approach towards the work process or works in general), Krsteski is accomplishing the basic dimension of the art work: to give the perceiver structural visual sensation which then leads towards accomplishment of the aesthetic experience. Although, moving in this line of the research of the form and the possible materials for her moulding, he does not go further than the postulates of the formalistic aesthetics and still, through this elaboration of the term in the oneness of the work, he manages to realize his art intention: when "the journey" (as a part which belongs only to the author in the act of creating the work) becomes "main goal", the perceiver is left with recognizing (or experiencing, feeling) the stages of the "en route stations" of this journey (and there are eight such journeys) and trying to "travel" together with the author.

But Krsteski does not name these stages one by one, as would be expected; he puts them under one common title, "Composition 0". Therefore, what would be the common ingredient of all this eight objects set on eight vertical glass boxes – sculpture stands? What is the thing that draws the attention? And finally, what does it lead to? The answer to these questions can be put under the same denominator contained in the syntagma, "exploration of the look". Namely, Krsteski, while composing, or more precisely, construing the objects, is mainly led by the exploratory intention: how to move the look? Because of that, he puts in these objects two possible positions of penetration of the look through: exterior (visible) parts (when the glass is enabling the look *through*) and interior (invisible or hardly reachable) parts (when the look enables reaching *to*) – the look is once possible



*деталь*

and once obstruct. It is a matter of an appropriate constraint to move the look of the perceiver, putting it in a game of exploring the places, through and by which the look has to give the visual sensation made by the latent color of the glass and the colored and moulded interventions of the author on, through, across it. The look is a means of searching, exploring the object of Krsteski and, at the same time, the curiosity of the look is the thing that moves around it. With that, "the exploration of the look", through "the movement of the look", becomes "exploration with the look".

In this sense, the movement around every object (as an individual) and the movement from one object to another (as a whole) places the perceiver in a kind of "exploratory 'journey' with the look" from one end to the other of realizing the projectable intention of Gjorgji Krsteski: "...the journey to become main goal."

*Nebojsha Vilikj*



*Димензии на постаментите: 50 x 50 x 100 см.*

*Димензиите на скулптуралните објекти варираат од 50 x 40 x 50 см. до 50 x 50х 50 см.*

Роден е 1976г во Струга, Р Македонија
Дипломирал на Машинскиот факултет во Скопје 2002г, насока заварување и заварени конструкции
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 2010г, отсек педагошки, насока вајарство, во класата на професорот Станко Павлески
Групни изложби:
-Струга 2006, 2007, 2008, 2009г
-Четврто меѓународно биенале во мала графика-Тетово 2008г
-Шеста меѓународна ликовна колонија „Карпино"-Куманово 2008г
-Скопје, Годишни студентски изложби на ФЛУ-Скопје, ФЛУ 2006-2010г
-Скопје, мултимедијален центар „Мала станица" 2010г
-Истанбул 2010г
Адреса: нас. Плитишта бр.10, Струга, Р Македонија, моб. ++389 75 611 504



Born in 1976 in Struga, R Macedonia
Graduated from the Faculty of Mechanical Engineering -Skopje in 2002.
Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje, Macedonia in 2010, at the pedagogical section - sculpture in the class of professor Stanko Pavleski
Group exhibitions:
-Struga 2006, 2007, 2008, 2009
-Fourth International Biannual of Mini Prints-Tetovo 2008
-Sixth International Colony Karpino, Kumanovo 2008
-Skopje, Annual Student Exhibitions of FFA - Skopje, FFA 2006-2010
-Multimedia Center Mala Stanica, Skopje 2010
-Istanbul 2010
Address: Plitishta 10, Struga, Macedonia, mob. ++389 75 611 504, mail: gjorgjikrsteski@yahoo.com



*Издавач:* Н.У. Центар за култура „Браќа Миладиновци“ Струга
*За издавачот:* Слободанка Попоска
*Уредник:* Димитрие Дурацовски
*Превод на англиски:* Ивана Балоска
*Печати:* Ирис Принт, Струга 2010

Изложбата се реализира со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија